РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр.24-821/14
од 23.09.2024 година
Кривогаштани

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), член 22 став (1) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и донесената Годишна програма за измена и дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2024 год., бр.08-253/6 од 22.02.2024 година, донесена од страна на Советот на општина Кривогаштани, **Градоначалникот на Општина Кривогаштани,** објавува:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање на јавен увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура со намена Е1.1 од К.П. 2195/1 К.О. Обршани до К.П. 2430/1 К.О. Пашино-Рувци, Општина Кривогаштини**

1. Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура со намена Е1.1 од К.П. 2195/1 К.О.Обршани до К.П. 2430/1 К.О. Пашино-Рувци, Општина Кривогаштини, се однесува на опфат низ селата Обршани и Пашино Рувци во општина Кривогаштани, кој ги поврзува двете села низ сообраќајница и на северниот дел во село Обршани поминува низ магистралниот пат Р 2339.

Проектниот опфат е лоциран во селата Обршани и Пашино-Рувци, и зафаќа земјиште под инфраструктурни објекти во КО Обршани и КО Пашино-Руфци. Предмет на изработка на оваа проектна документација е локален пат во с.Обршани и с.Пашино Рувци.

Површината на опфатот дефиниран со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура со намена Е1.1 од К.П. 2195/1 К.О.Обршани до К.П. 2430/1 К.О. Пашино-Рувци, Општина Кривогаштини на наведените КП изнесува 17 921.95 м2, или 1.7ha.

2. Јавниот увид се организира со објавување на веб страната на општината www krivogastani.gov.mk, во траење од 15 дена почнувајќи од **24.09.2024 година до 08.10.2024 година**, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

**Општина Кривогаштани**
**Градоначалник,**
**Николче Мискоски**

Република Северна Македонија Општина Кривогаштани